## 15 МАЈ – СВЕТСКИ ДЕН НА СЕМЕЈСТВОТО 2026:

## „Семејства, нееднаквости и благосостојба на децата“

Оваа година денот на семејството се одбележува под мотото „**Семејства, нееднаквости и благосостојба на децата**“ и има за цел да придонесе за поголема глобална свест за тоа како нееднаквостите ја поткопуваат благосостојбата на семејството и детето. Настанот ќе ги истакне позитивните меѓународни практики во креирањето добри семејни политики за намалување на нееднаквости и промовирање на благосостојбата на децата, вклучувајќи ги универзалните детски бенефиции, родителското отсуство, прифатлива грижа за децата и рано образование за зајакнување на отпорноста на семејствата, намалување на сиромаштијата и промовирање на еднакви можности за поддршка на семејствата во заедницата.

Семејствата се од централно значење за социјалниот и економскиот напредок, но сепак многумина се соочуваат со несигурни приходи, ограничена поддршка и нееднаков пристап до основните услуги. Без соодветна поддршка, семејствата со мали деца се соочуваат со поголем ризик од сиромаштијата, со трајни последици врз здравјето, образованието и целокупната благосостојба на децата. Нестабилноста на приходите, ограничената поддршка и ограничениот пристап до услугите можат да го попречат развојот на децата, особено кога се влошуваат од родови, расни, мигрантски или нееднаквости врз основа на попреченост. Како што се прошируваат глобалните нееднаквости, овогодинешното одбележување ќе ги истакне разликите во приходите, образованието, здравствената заштита, дигиталниот пристап и основните услуги што ги обликуваат животните можности на децата.

Овој ден, исто така, ќе поттикне дијалог меѓу земјите-членки, субјектите на ОН и граѓанското општество, ќе ги истакне добрите практики и ќе започне нови истражувања кои ќе ги испитуваат трендовите на нееднаквоста и политичките решенија во контекст на Агендата 2030.

**Историјатот на Светскиот ден на семејството**

Во 1993 година, Обединетите нации донесоа резолуција со која ја покажаа нивната решеност, да придонесат за подобар животен стандард и социјален напредок на семејствата ширум светот. Во 1994 година, Обединетите нации официјално го прогласија 15 мај за Светскиот ден на семејството, како одговор на променливите економски и социјални структури кои влијаат на стабилноста и структурата на семејните единици во различни делови на светот. Светскиот ден на семејството во основа го слави фактот, дека семејствата се централниот дел на секое општество.



**Зошто се слави Светскиот ден на семејството?**

Овој ден се слави со двојна цел – од една страна да се подигне свеста за значењето на семејствата, од друга страна да се потенцираат различните аспекти кои негативно влијаат на семејството, како основна клетка во општеството. Секоја година, денот служи за потенцирање на проблемите кои ги мачат семејствата и спроведување на соодветните активности кои поединците, општествата и владите можат да ги преземат за да ги решат наведените проблеми. Овој ден има за цел да покаже, како зајакнатата семејна единица на крајот помага и во зајакнувањето на општествата и нациите.

## Симбол на Светскиот ден на семејството

Симболот на Светскиот ден на семејството се состои од цврст зелен круг со црвена слика на шематски приказ на куќа и срце во центарот на кругот. Овој моќен симбол означува безбедна и поддржувачка средина која семејството ја обезбедува на луѓето од сите возрасни групи.

## Теми на Светскиот ден на семејството

Секоја година, Обединетите нации одлучуваат за темата за Светскиот ден на семејството. Ова помага да се дефинираат актуелните проблеми и насоки за решавање на горливите прашања кои заслужуваат да бидат истакнати и решени. Темата се менува секоја година во зависност од новите предизвици и случувања. **„Семејства, нееднаковости и благосостојба на децата“, е темата за оваа година.**

## Како се одбележува Светскиот ден на семејството ширум светот?

Светскиот ден на семејството се одбележува на различни начини ширум светот. Во некои заедници, се организираат јавни дискусии и дискурси за различните предизвици со кои се соочуваат семејствата во нивните заедници. Некои земји ги планираат своите активности и настани организирани врз основа на одредена тема поставена од Обединетите нации. Поединци исто така избираат да го прослават овој ден поминувајќи време со своето семејство. Целта на одбележувањето на денот е прилика, да се прослават семејните врски и да се подигне свеста за проблемите со кои се соочуваат семејствата.




Изготвил:

Оддел за здравствена промоција и следење на болести